УНИ Банка
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки (Сл. весник на РМ бр. 67/2007) и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 17.06.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2018 година.

2. Извештајот за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, е составен дел на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

СО број: 0201/6-5/2019
17.06.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИ Банка
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки (Сл. весник на РМ бр. 67/2007) и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 17.06.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија Мур Стивенс Скопје.

2. Извештајот од извршената ревизија за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија Мур Стивенс Скопје, е составен дел на оваа Одлука.

СО број: 0201/6-6/2019
17.06.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИБанка
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки и член 41 од Статутот на УНИБанка АД Скопје, Собранието на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 17.06.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година

1. Се усвојува Годишната сметка на Банката за 2018 година, по следните биланси:

- БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА на ден 31.12.2018 година
- БИЛАНС НА УСПЕХОТ за период 01.01.2018-31.12.2018 година

2. Се усвојува Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година, со следните износи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | АКТИВА | МКД | 20,297,950,039.00 |
| - | ПАСИВА | МКД | 20,297,950,039.00 |
| | Вонбилансна евиденција актива и пасива | МКД | 2,273,382,010.00 |

3. Се усвојува Билансот на успех за 2018 година со следните износи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Приходи од камати | МКД | 957,420,447.00 |
| - | Приходи од провизии и надомести | МКД | 313,637,623.00 |
| - | Нето добивки од трансакции со хартии од вредност | МКД | 0.00 |
| - | Нето добивки од курсни разлики | МКД | 23,322,854.00 |
| - | Останати приходи од дејноста | МКД | 33,106,098.00 |
| | ВКУПНО | МКД | 1,327,487,022.00 |
| - | Расходи за камати | МКД | 210,334,700.00 |
| - | Расходи за провизии и надомест | МКД | 177,869,478.00 |
| - | Трошоци за вработените | МКД | 281,632,671.00 |
| - | Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | МКД | 55,081,429.00 |
| - | Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства | МКД | 13,322,487.00 |
| - | Исправка на вредност, посебна резерва и резервирања | МКД | 56,838,090.00 |
| - | Останати расходи од дејноста | МКД | 236,088,370.00 |
| | ВКУПНО | МКД | 1,031,167,225.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | МКД | 296,319,797.00 |

4. Распределба на добивката:

| | | |
|---|---|---|
| Данок на добивка | МКД | 27,749,997.00 |
| Добивка по оданочување | МКД | 268,569,800.00 |
| Вкупно: | МКД | 296,319,797.00 |

5. Утврдената добивка по оданочување ќе биде распределена согласно Одлуката за распоредување на утврдената добивка.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СО бр. 0201/6-7/2019

17.06.2019 година

СОБРАНИЕ

ПРЕТСЕДАВАЧ

**УНИ**Банка
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки (Сл. весник на РМ бр. 67/2007) и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 17.06.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1.Се усвојува Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2018 година.
Се одобрува работата на членовите на Надзорен одбор на банката, поединечно и колективно.

2.Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

3. Извештајот од точката 1, е составен дел на оваа Одлука.

СО број: 0201/6-9/2019
17.06.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банки, и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 17.06.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за избор на Друштво за ревизија

1. Се избира Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, да изврши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2019 година.

2. Се задолжува Управниот одбор на банката да ги превземе потребните дејствија за реализација на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

СО бр. 0201/6-10/2019
17.06.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на одредбите од Законот за банки и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седницата на Собрание на акционери на банката одржана на ден 17.06.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се врши измена и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, како следи подолу:

### Член 1

Член 39 став 1 се менува и гласи:
„ Органи на банката се: Собрание, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Кредитен одбор и Одбор за наградување."

### Член 2

Во членот 39-а став 2, точката 3 се брише. Точките 4,5,6,7,8 стануваат точки 3,4,5,6,7.

### Член 3

Во членот 39-а, по став 2, се додава нов став 3 кој гласи:
„За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата."

### Член 4

Членот 39-а, став 8 се менува и гласи:
„Ограничувањата од ставот (2) точка 6) и ставовите (5) (6) и (7) на овој член не се однесуваат на членство во: органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство. "

### Член 5

Во член 44 став 3, по зборот „Банката" се додаваат зборовите „и на интернет страницата на берзата."

### Член 6

Во членот 46-а се додава нов став 2, кој гласи:

„Акционерите на Банката можат преку користење на електронски систем на Банката, да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за гласање на седницата на собранието. Акционерите на Банката можат преку истиот систем и да го откажат даденото полномошно."

### Член 7

Во член 47 став 2 се додава нова алинеа 4, која гласи:
„ - Предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото;".
Во член 47 став 2, алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

**Член 8**

Во член 58 став 1 се додава нова алинеа 29), која гласи:

„ 29) одобрува авансна распределба на дивиденда, камати и други надоместоци од издадени хартии од вредност од банката."

**Член 9**

Во членот 63 став 1 зборовите „5 (пет)" се заменуваат со зборовите „6 (шест)" и зборовите 2 (два)", се заменуваат со зборовите 3 (три)."

Во членот 63 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Надзорниот одбор на Банката ги именува и разрешува членовите на Одборот за управување со ризици."

**Член 10**

Во членот 67, по став 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Одборот за ревизија полноважно работи ако се присутни мнозинството од сите негови членови."

**Член 11**

Во член 72-а, став 1, алинеја 2, зборовите „ Односи со" и зборовите „и продажба" се бришат.

**Член 12**

Членот 81 се менува и гласи:

„Надзорниот одбор на Банката формира кредитен одбор и ги именува членовите од редот на вработените лица во Банката."

Членот 81-а се менува и гласи:

„ Кредитниот одбор, во рамките на утврдените надлежности и лимити од Надзорниот одбор и Деловникот за организација и работа на кредитниот одбор, разгледува и одлучува по кредитни барања од клиентите и по потреба доставува предлог одлуки за одобрување до Управниот одбор на Банката.

Со Деловник за организација и работа на Кредитниот одбор поблиску се регулираат составот, надлежностите, овластувањата и организација на работа на Кредитниот одбор на банката."

**Член 13**

Во глава 6 „ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА„ по членот 81-а, се додава нова глава со назив „ОДБОР ЗА НАГРАДУВАЊЕ", а членот 82 се менува и гласи:

„ Надзорниот одбор на Банката формира Одбор за наградување и ги именува членовите на одборот.

Со Деловник за организација и работа на Одборот за наградување поблиску се регулираат составот, надлежностите, овластувањата и организација на работа на Одбор за наградување на банката."

**Член 14**

Во членот 83, став 1, по зборовите „Кредитен одбор," се додаваат зборовите „Одбор за наградување,".

**Член 15**

Во членот 83, став 4, по зборовите „ Управување со ризик" се додава запирка и сврзникот „и" се брише, а по зборовите „проблематични пласмани" се додаваат зборовите „и Дирекција Кредитен центар,".

**Член 16**

Во членот 85, став 1, зборот „Управниот" се заменува со зборот „Надзорниот".

**Член 17**

Членот 87-а, став 5 се менува и гласи:
„Лицето, односно службата од ставот 1 на овој член за својата работа поднесува месечен извештај до управниот одбор. Лицето односно службата од ставот 1 е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на Банката. ”

**Член 18**

Во членот 97 став 3 точка 4, зборовите„Биро за спречување перење пари и финансирање на тероризам” се заменуваат со зборовите „Управата за финансиско разузнавање.”
Во членот 97 став 3 точка 5, зборовите„Биро” се заменуваат со зборовите „Управата.”
Во членот 97 став 3, се додаваат две нови точки 14 и 15, кои гласат:
„14) ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон; ”
„15) на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;”

**Член 19**

Во член 7 став 2, член 9 став 3, член 30 став 3 и член 58 став 1 алинеа 21, зборовите „Народна банка на Република Македонија” се заменуваат со зборовите „Народна банка на Република Северна Македонија”.
Во член 39-а став 9 и член 60 став 3, зборовите „Народна банка на РМ” се заменуваат со зборовите „Народна банка на Република Северна Македонија”.

**Член 20**

Во член 1, член 44 став 3, член 69-а став 3 и член 97 став 3 алинеа 12, зборовите „Република Македонија” се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија”.

**Член 21**

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на предходна согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија.

**Член 22**

Се овластува Надзорниот одбор на банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, во случај да има потреба.
Стручната служба на банката да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**
**за потребата од измени и дополнување на Статутот**

Предложените измени и дополнувања на Статутот се врши заради усогласување на одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување донесена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија, користење на законската можност за носење на одлуки за авансна распределба на дивиденда, камати и други надоместоци од издадени хартии од вредност од банката од страна на Надзорниот одбор и потребата за промена на составот и надлежноста на Кредитниот одбор, заради зголемена ефикасност во процесот на одлучување по кредитните барања на клиентите.

Во делот на Законот за трговски друштва се врши усогласување со:

- можноста за исплата на аванс на дивиденда и аналогно на тоа и камати и други надоместоци од издадени хартии од вредност од банката, во текот на деловната година, со што се дава можност Надзорниот одбор на Банката, во текот на деловната година, врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеци, да одлучува за ваквите авансни исплати;

- можноста акционерите да овластат полномошници и на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин, при што Банката им обезбедува на акционерите користење електронски систем преку кој ќе можат да се регистрираат, да овластат свои полномошници и да им даваат инструкции за гласање; и

- објавувањето на потребните материјали за собрание на банката.

Во делот на Законот за банки се врши усогласување со:

- условите за избор на лица со посебни права и одговорности и нивно упатување кон одредбите на Статутот коишто се однесуваат на условите за избор на членови на Надзорниот и Управниот одбор на Банката;

- делот што се однесува на поседување на репутација на лице кое е осудено со правосилна судска пресуда со безусловна казна затвор над шест месеци сè додека траат правните последици од пресудата.

Во делот на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување на банка се врши усогласување со:

- предвидената можноста Надзорниот одбор, од редот на своите членови, да формира помошни одбори што му помагаат при спроведување на дел од неговите надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување, како и за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

Со останатите измени се уредува составот, надлежностите и начинот на работа на Крединиот одбор на Банката, во насока на негово поефикасно финкционирање во процесот на донесување одлуки по кредитните барања на клиентите, како и целосно унапредување, прецизирање и целосно усогласување со позитивната законска регулатива.

Собранието на акционери го овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука доколку има потреба за тоа, а согласно барањата и укажувањата на НБРСМ.

СО 0201/6-11/2019
17.06.2019 година

ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ 7

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, и Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на пиватна понуда (Прва емисија на Перпетуални обврзници) бр.0201/6-2 на 11.01.2019 година, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 17.06.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува исплата на камата по каматна стапка од 9% на годишно ниво на имателите на перпетуални обврзници со **ИСИН бр MKBLBA200011** , Прва емисија на перпетуални обврзници, сметано од датумот на издавањето, вклучително и датумот на издавање.

Износот на камата која се плаќа се пресметува врз основа на конвенција ACT/ACT (ICMA) (реален број на денови во периодот поделен со реалниот број на денови во годината).

Пресметаната камата да се исплати на трансакциска сметка на секој од имателите на обврзниците на ден 22 јули 2019 година, за првата половина и на 22.01.2020 година за втората половина од 2019 година, сметано од датумот на издавањето вклучително и датумот на издавање. Ако утврдениот ден за исплата на каматата е неработен ден, тогаш истата ќе се исплати на првиот работен ден што следува.

Каматата се исплаќа од добивката која е расположлива за распределба, при што плаќањето се врши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор.

Каматата се пресметува во евра, а се исплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето.

На денот на исплата на каматата, Банката, од бруто износот на каматата ќе ги одземе и ќе ги плати сите даноци согласно постоечката законска регулатива во РСМ.

2. Да се известат имателите на обврзниците за денот и начинот на исплата на каматата согласно точка 1 од оваа одлука.

3. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

СО бр. 0201/6-12/2019

17.06.2019 година

СОБРАНИЕ

ПРЕТСЕДАВАЧ